CIVIL

# СЛОБОДНО ОПШТЕСТВО

СЛОБОДНИ МЕДИУМИ ЗА СЛОБОДНО ОПШТЕСТВО

германска соработка
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

ЊУЗЛЕТЕР #1, СЕПТЕМВРИ - ОКТОМВРИ, 2017 ГОДИНА

## НЕМА СЛОБОДА БЕЗ СЛОБОДНИ МЕДИУМИ

**Џабир Дерала, ЦИВИЛ**

Слободни медиуми за слободно општество е повеќе од проект. Тоа е простор во кој секоја граѓанка и секој граѓанин имаат можност да се стекнат со информации и знаења, но и директно да придонесат во политичките и општествените процеси. Проектот е замислен како простор во кој секој поединец е драгоцен учесник. Секој од нас може да стане дел од поширока мрежа која набљудува и прибира информации од теренот, учествува во создавањето на медиумски содржини и учествува во јавните настани за јакнење на јавната свест ширум земјата.

Ува е уникатен обид да се обединат граѓанките и граѓаните околу идејата за заедничко градење слободни медиуми и слободно општество. Безброј пати е кажано дека медиумите играат суштинска улога во развојот на демократијата и почитувањето на човековите права и слободи. Време беше тоа и навистина да го направиме.

Конечно, тргнавме во создавање на еден истовремено граѓански и медиумски ресурс за развој на слободното општество во кое живеат еднакви луѓе и во кое гласот и мислата на секој човек добива свое заслужено важно место.

Со овој проект, ЦИВИЛ ќе даде придонес во повеќе комплексни области во тешкиот период на транзиција и демократизација. Со искусен тим, прекален во годините на предизвици, ќе се создаде и артикулира слободен и безбеден простор за динамична размена на информации, ставови и анализи, кои ќе им се понудат на јавноста и институциите.

Воедно, проектот ќе даде голем придонес кон политичкиот и општествениот дијалог, јакнење на слободата на изразувањето и медиумската писменост на граѓанките и граѓаните. Политичката култура ќе се збогати со содржини за граѓанска едукација и одбрана на човековите права и слободи, вклучувајќи го и гласачкото право.

Слободните медиуми се основен предуслов за слободно општество, како што единствено слободното општество може да создава медиумски простор во кој информацијата и ставовите се слободни од корупцијата и притисоците кои ги наметнуваат центрите на моќ.

Во тие две насоки - ослободување и деконтаминација на медиумскиот простор и охрабрување на граѓанките и граѓаните да градат слободно општество, ЦИВИЛ ќе го спроведува овој комплексен и динамичен проект. Ова е уште еден проект кој во целост го отсликува карактерот на ЦИВИЛ, кој ќе биде активен деноноќно и ќе создаде целосно независна медиумска платформа која ќе служи како јавен ресурс за медиумите, граѓанските организации и сите активни граѓанки и граѓани, кои ја разбираат и поддржуваат оваа концепција.

**Новиот проект на ЦИВИЛ е уникатен придонес кон градењето слободни медиуми и слободно општество.**

Тимот на ЦИВИЛ веќе работи на проширување на мрежата на соработници од целата земја, а според планот на имплементација, ќе одржи 88 помали и поголеми настани и теренски активности, не сметајќи ја секојдневната медиумска продукција.

Накратко, нè очекуваат возбудливи денови и месеци, период во кој секој од нас е повикан да го даде својот придонес. Ние сме горди на нашите постигнувања, но ќе дадеме сè од себе да ги надминеме сите очекувања.

Придружете ни се!

# БИДИ ДЕЛ ОД ТИМОТ НА ЦИВИЛ

Сакате да дејствувате како слободни граѓанки и граѓани? Сакате да влијаете на јавното мислење и на реформските процеси од независна и објективна позиција? Не сакате да заглавите во бирократска и фолирантска квази-организација? Сакате да бидете одговорни и корисни за општеството? Во потрага сте по нови вештини? Ви треба простор за вашата креативност? Имате потреба и желба да придонесете кон враќање и изградба на демократијата во Република Македонија?

**Нашиот одговор е едноставен: Биди ЦИВИЛ!**

Дел од активностите на ЦИВИЛ во овој период е долгорочен мониторинг на политичките процеси и состојбите на човековите права и спроведува проекти во областа на изборите, медиумите, социјалната правда, граѓанската партиципација, одржливото општество и контролата на оружјето. Организацијата секојдневно ги објавува своите наоди, анализи и препораки преку медиумската платформа на ЦИВИЛ Медиа и тоа: www.civilmedia.mk на македонски јазик, www.drejt.mk или www.civilalb.info (на албански јазик) и низа други, специјализирани веб страници на македонски, албански и англиски јазик. Повеќе за самата организација може да се дознае на организациската веб страница: www.civil.org.mk

На ЦИВИЛ му се потребни прогресивни, сестрани, активни и објективни луѓе, со искуство во некоја од областите: мониторинг на избори или следење на состојбата на човековите права и слободи, новинарство, истражувања и односи со јавноста. Сите се добредојдени. Нема ограничувања по возраст, пол, стручна спрема, накратко – нема ограничувања по ниедна основа, а ни бројот на соработници не е ограничен. Трудот ќе биде платен врз основа на објавен текст/содржина.

**Секој објавен извештај на соработниците/известувачите на ЦИВИЛ односно ЦИВИЛ Медиа, ќе биде хонориран со 1.000 денари бруто. ЦИВИЛ ќе организира обуки за новинарство и мониторинг за кандидатите за хонорарни позиции, како и за своите волонтери, поддржувачи и членови. Во зависност од бројот на пријавените и местото на живеење, ќе бидат одредени градовите и термините во кои ќе се одржат обуките. Патните трошоци за учество на обуките ќе бидат покриени од ЦИВИЛ. Работилниците ќе се одржат во првата половина на септември.**

ЦИВИЛ ги поканува сите свесни и активни граѓанки и граѓани да се вклучат во организацијата со Изјава за поддршка, а доколку имаат желба да добијат волонтерска или хонорарна позиција во проектите на ЦИВИЛ, треба да испратат кратка биографија (макс. 1 стр.) и мотивациско писмо (макс. 150 збора). Во мотивациското писмо треба да се опишат мотивите и подготвеноста за исполнување на работни обврски заедно со тимот на ЦИВИЛ, како и по неколку збора за искуствата, вештините и областите во кои би сакале да имате дополнително менторство во текот на работата. **ВАЖНО:** Известете го ЦИВИЛ кога сте на располагање и на која позиција би сакале да бидете. Ако сте биле дел од семинар или некоја друга активност на ЦИВИЛ, а не сте пополниле Изјава за поддршка, наведете го времето и местото на таа активност во мотивациското писмо. Ќе се разгледуваат исклучиво апликации пристигнати по електронска пошта. E-mail: desk@civil.org.mk

Голем дел од ангажманот на ЦИВИЛите се состои во: мониторинг, истражувања, анализи, продукција на медиумски содржини на теми соодветни на проектите и основните документи на ЦИВИЛ; активизам и граѓанска едукација; претставување на ЦИВИЛ во јавноста; мониторинг и комуникација со институциите, политичките партии, граѓанското општество, меѓународната заедница итн. Секојдневно, се продуцираат вести, анализи, интервјуа, репортажи итн. Содржините се објавуваат во сите формати (видео, фото, аудио и текст) на повеќе веб страници и на социјалните мрежи.

Веднаш да им одговориме на тие што не живеат во Скопје: Не е важно каде живееш. Важно е да си ЦИВИЛ. Ние сме национална организација, постојано присутна насекаде низ Македонија, а таму си потребна/потребен токму ти.

Немате доволно искуство, знаења и вештини? Тоа не е проблем. Интересот и посветеноста се најважни за нас. ЦИВИЛ е место кај што се учи!

Не заборавај: јави се, разговарај со некој од тимот на ЦИВИЛ и, се разбира, лајкни ја Фејсбук страницата на ЦИВИЛ. **Биди ЦИВИЛ!**




# ДРАМА ВО СДСМ

НАЈЧИТАН ТЕКСТ ОБЈАВЕН НА ЦИВИЛ МЕДИА ВО ПЕРИОДОТ ОД ПОЧЕТОКОТ НА ПРОЕКТОТ (15 ЈУЛИ) ДО 20 СЕПТЕМВРИ

**Сашо Ордановски**

Драмата низ којашто поминува СДСМ три месеци по формирањето на Владата е драмата на нивната кадровска политика. Некои умни луѓе рекле дека во политиката и нема ништо друго освен, всушност, кадровска политика, бидејќи со какви луѓе ќе се опкружиш, така и ќе завршиш. По стотина дена на власт, незадоволството од кадровската политика што, низ меѓусебните преговори, ја водат Заев и Шеќеринска (а потоа и со целата владејачка коалициска какофонија) е големо: во разни ешалони на партијата им врие, јавноста се забавува или се иритира со разни прва-рикверц кадровски решенија и на важни и на помалку важни места, во цели сектори (во здравството, на пример) разочарувањето е речиси превладувачко чувство, а стотици двигатели на режимот на Груевски, сега ослободени од перманентниот психолошки и криминален мобинг на кој цела деценија беа изложени од сопствената ВМРО-партија, сè уште комотно се заседнати по разни државни столчиња на кои одлучуваат за пари, политики, службени патувања и работни ангажирања… Убавина!

Згора на тоа, сега доаѓаат и кандидатските листи за градоначалници и советници за локалните избори кои секогаш и во секоја партија биле извонредна шанса за внатрепартиска граѓанска војна, а кои СДСМ и овој пат изгледа дека ќе ги состави по теркот на Груевски: Како тата (и мама!) каже – што ќе рече дека помалку ќе се прашува членството и принципот на работни заслуги и квалификации, а повеќе фракционерскиот интерес во раководството на партијата. Хмммм… Само да ве потсетам дека процесот на „бузлевизација“ на СДСМ кон крајот на деведесеттите, под раководната палка на Црвенковски, ја одведе партијата до катастрофална загуба на изборите во 1998 г., од што социјал-демократите (а и Македонија) до денеска не можат сосема да се опорават.

На пример, мене не ми влегува во глава како може таков партиско-политички механизам како СДСМ, на само неколку недели пред изборите, да не знае кој им е кандидатот за градоначалник на Скопје?! Па, таа личност би требало да се знае барем со месеци, ако не и со години однапред, особено за партија која никогаш, од осамостојувањето до денес, не владеела со главниот град во државата (или можеби токму поради тоа)! Личните урбани, политички, културни, бизнис и други визии и релации на кандидатот за градоначалник на Скопје, жена или маж, се работа за која граѓаните на столицата имаат право да знаат многу порано од дваесетина дена во некаква трчи-мочај изборна кампања. Ете, кај ВМРО тој кандидат повторно е градскиот хаусмајстор Коце и за него нема човек од Скопје кој нема формирано мислење – Коце, ако јас се прашувам, би можел и дома да си ја отседи целата изборна кампања, оти неговиот ментален склоп и лопата-периметар се познати до болни детали. Вака, наместо да се занимаваме со евентуалните градски светогледи на кандидатот на СДСМ за градоначалник на Скопје, јавноста целата изборна кампања веројатно ќе ја помине во валкани препукувања по социјалните мрежи, шпекулирајќи за внатрепартиските кујни во владејачката партија. Тој, лош, филм во СДСМ го гледаме веќе триесетина години.

Тоа ме потсетува на вицот со еврејскиот рабин, кога го прашале каква е ситуацијата во вашата земја? „Гуд!“, вели рабинот. А може ли да ни кажете во малку повеќе детали? „Нот гуд!“… Така, некако, и со СДСМ-во.

# ЦИВИЛ Медиа - простор за различни ставови и редовна станица за информирање на стотици илјади граѓанки и граѓани

ЦИВИЛ Медиа е организациска единица на ЦИВИЛ - Центар за слобода. Во нејзини рамки функционира редакција со професионални новинарки и новинари, но и почетници кои решиле својата подготовка да ја надградат со практична новинарско-истражувачка работа.

Веб страницата www.civilmedia.mk е една од највидливите содржини на проектот Слободни медиуми за слободно општество. Таа е специјализирана за политика, општество и култура. Секојдневно, тимот на проектот продуцира по најмалку десет авторски содржини во текстуален или видео формат. Во пресрет на локалните избори, оваа веб страница е особено важен јавен ресурс за информирање и едукација за текот и спроведувањето на овој важен изборен процес.

Слоганот на оваа веб страница е: СЛОБОДНО. НЕЗАВИСНО. ОТВОРЕНО.

Секој ден се обидуваме да го оправдаме овој слоган со тоа што објавуваме објективни информации и отворено и конструктивно ја критикуваме секоја појава во општеството.

Во рубриката МИСЛА речиси секојдневно се објавуваат ставови и мислења на врвни интелектуалци, експерти и активисти. Нивните ставови не нужно се совпаѓаат со ставовите на ЦИВИЛ или донаротите на организацијата, но се значаен простор преку кој ние се залагаме за јакнење на политичката култура и дијалогот.

Во изминатиот период, оваа веб страница стана важна станица на која стотици илјади граѓанки и граѓани секојдневно се информираат за настани важни за општествено-политичките процеси, како и за различните ставови на нашите колумнисти и аналитичари.

Содржините објавени на оваа веб страница се достапни за преземање, според лиценцата Creative Commons, што значи дека може да бидат објавени и на други медиуми, под услов да се наведе авторот/авторката и изворот (со линк), како и дисклејмер во кој се наведуваат основни податоци за изворот и проектот.

---

**www.civil.org.mk**
**www.civilmedia.mk**
**www.civilalb.info**
**www.civil.today**

www.youtube.com/c/CivilMacedonia
www.youtube.com/user/CivilOrgMK
www.facebook.com/civil.mk
www.facebook.com/citizen.journalists.mk
www.facebook.com/sezaizbori
www.facebook.com/socijalna.pravda.drejtesi.sociale
www.facebook.com/FreedomCaravan
www.facebook.com/speak.up.mk
www.twitter.com/CivilMacedonia
www.twitter.com/SlobodniIzbori
www.twitter.com/BeFreeMK
www.soundcloud.com/civil-org-mk

www.clp.mk
www.freedom.mk
www.greencivil.mk
www.slobodniizbori.info
www.zgjedhjetelira.info
www.freeelections.info

**ПРИЈАВЕТЕ:**
- Кршење на човековите права
- Кршење на гласачкото право
- Изборни нерегуларности
- Мобинг и политички притисоци
- Злоупотреби на јавните ресурси

**Јавете се:** 02/5209176
www.facebook.com/civil.mk
civil@civil.org.mk

## ЗА ЦИВИЛ

ЦИВИЛ – Центар за слобода е непрофитно и невладино национално граѓанско здружение, кое работи за човековите права, мирот и контролата на оружје, основано на 25 ноември, 1999. Неформално, ЦИВИЛ е активен од 1996. Организацијата спроведува изборен мониторинг од 2008 година, воведувајќи нови, високо ефективни методологии на набљудување и граѓанска едукација за гласачкото право. Во потрага по визијата, мисијата на ЦИВИЛ е: активно промовирање и одбрана на човековите права и слободи; одржлив мир и придонес кон процесите на помирување; креирање планови за ефективна контрола на оружје; социјална правда и слобода на говор. ЦИВИЛ е активен на регионално и меѓународно ниво и има спроведено над 100 проекти, вклучувајќи и бројни кампањи за јакнење на јавната свест на национално ниво, масовни јавни настани, итн. Организацијата ужива голема видливост и доверба од сите заедници во земјата.

**Проектот Слободни медиуми за слободно општество е** финансиран од Федералното Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија.
Ова издание го подготви проектниот тим на ЦИВИЛ - Центар за слобода. Одговорно лице: Џабир Дерала.
Ставовите искажани во оваа публикација се на авторките и авторите на текстовите и не нужно ги одразуваат ставовите на донаторите.